РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП I бр. 25-599
17 11 17 11. 2017 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајќи по барањето поднесено од Друштвото за техничко испитување и анализа на возила СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ВОЗАЧИ Центар за возила ДООЕЛ Скопје и Предлогот за овластување за техничка служба со број 1609-1308/8 од 08.11.2017 година, доставен од органот за одобрување, донесе:

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. СЕ ОВЛАСТУВА Друштвото за техничко испитување и анализа на возила СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ВОЗАЧИ Центар за возила ДООЕЛ Скопје, за вршење на работи на техничка служба, во инспекциските места:

- ИМ 1 – ул. Малешевска 1 број 2 населба Драчево, Скопје; и
  ИМ 3 – ул. Магистрален пат број 16, Кичево

за следните постапки:

а) Единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, R, C, S, а во врска со Правилник за Единечно одобрување на возило согласно член 2 став (1) и став (3) алинеја 1, 3 и 4 („Службен весник на РМ" бр.16/2010) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија " бр.21/10);

б) Одобрување на преправено возило од категориите M, N и O, а во врска со Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила согласно член 7 [секторски по точка 1, 4 и 13] („Службен весник на РМ" бр.7/2010) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија " бр.21/10);

в) Инспекција при утврдување и втиснување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор), а во врска со член 57 став(1) алинеја 5 од Закон за возила (Сл.весник на Република Македонија бр.140/08, 140/2008; 53/11; 123/12; 153/12; 70/13; 164/13; 138/14; 90/15; 154/15; 39/16) и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото („Сл.весник на Република Македонија " бр.109/16);

2. Со влегување во сила на ова решение, престанува да важи Решението со УП I број 25-168 од 15.11.2016 година.

работи за Здружение на возачи СТП ДОО Кичево издаден од Лабораторија за калибрација на димензионални и механички големини, време и оптички зрачења бр.ЛК-002;

- Доказ за осигурување од професионална одговорност, Полиса бр.130000004399 од А.Д. Осигурителна полиса, Скопје со важност од 02.03.2017 година;

- Доказ за позитивен бонитет:

  - Податоци за учесникот во платен промет издаден од НЛБ БАНКА А.Д. СКОПЈЕ, Состјба на ден 19.05.2017 година;

- Копија заверена на нотар од Сертификатот за акредитација на инспекциско тело со број ИТ-054 од 17.08.2011 година и неговиот Прилог кон Сертификатот за акредитација од 18.10.2017 година издаден од страна на Институтот за Акредитација на Република Македонија,

- Уплатница за уплатена административна такса во износ од 2.000,00 денари, по тарифен број 101, на образец ПП50, согласно член 37 од Законот за административни такси.

Министерството за економија изврши увид во доставената документација и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила, Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката на обележување и поништување на идентификациските ознаки и/или моторот на возилото и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и оснoто оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/10) и утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е уплатена, залепена на поднесокот и поништена.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Kreshnik Bekteshi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ